РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 5535/2
08-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител на 45-та седница, на продолжението на седницата одржано, на ден 30 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата бр. 12- 5535/1 од 06.12.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-5535 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 5535/1 од 06.12.2019 година.

Предметот со број 12 -5535 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 5535 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-5535/1 од 06.12.2019 година, од непознат подносител.

Пријавата е сосема куса и со неа се изнесуваат наводи за неправилно вработување од страна на -----------------------------------------, на начин што се реализираат вработувања на работници спротивно на Законот за работни односи и на актот за систематизација на посочената ---------------------.

Подносителот само наговестува влијание на одредени политички партии при вработувањата и прием на лица со стручна подготовка несоодветна за посочената -----------------, меѓутоа не упатува на конкретни огласи и постапки за вработување ниту на периодот во кој се извршени вработувањата.

Предметната пријава, во суштина е израз на незадоволство од општите состојби во областа на вработувањето кои се нотирани од Државната комисија во многу наврати - низ постапувањето по исти или слични наводи, меѓутоа согласно со позитивните законски прописи Државната комисија нема на располагање соодветни механизми за спречување и санкционирање на ваквите појави, особено кога се работи за одлуки донесени врз основа на дискреционо овластување на службените лица.

Врз основа на наводите кои се содржани во предметната пријава и во отсуство на контактни податоци за контакт и барање на подетални информации Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека предметната пријава не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 30 Декември 2020 година под број 12 - ________/___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

Доставено до
-Архива

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk